РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-4080/2

02-02-2022 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 60-та седница одржана на ден 28.01.2022 година ја донесе следната

**Одлука**

Пријавата со број 12-4080/1 од 14.10.2021 година, поднесена од познат подносител, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека , согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување поради тоа што пријавените дејствија не се активности по кои ДКСК има надлежност за постапување, туку се активности за кои надлежност за постапување има друг надлежен орган.

Предметот со број 12-4080/1 од 14.10.2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Од страна на познат подносител, ------- -------- од ---------, на ден 14.10.2021 година, поднесена е пријава заведена под број 12-4080/1 од 14.10.2021 година, по која е оформен предмет со наводи за незаконитости по постапка за издавање на налог за извршување за наплата на парични побарувања добиен на ден 24.09.2021 година. Во конкретниот случај станува збор за спроведување на постапка за извршување покрената од Македонски Телеком од Велес против подниосителот, за наводен долг од 14.09.2005 год во износ од 28.799,00 денари и вкупни обврски за плаќање после вкалкулирање на сите трошоци, редовни и затезни камати од 121.696,00 денари. Подносителот, се сомнева во законитоста на постапката и бара известување, како било дојдено до оваа состојба на присилна наплата и тој бил ставен пред свршен чин за кое ниту бил опоменат, ниту информиран за долгот кој постоел од 2005 година, а при увидот кој го извршил кај извршителот, надлежен за случајот, утврдено било дека на ниту едно од доставените известувања не стоел потпис од обвинетиот, па се прашува дали и како било можно налогот за извршување врз плата и други парични извршувања да се реализира после 16 години, бидејќи извршната исправа била со датум од 14.09.2005 а до него била доставена за извршување на ден 24.09.2021 година. Во доставената пријава е наведено дека истата освен до ДКСК била доставена и до други надлежни органи и тоа до: Комората на Извршители на РСМ , Министерството за правда и Народниот Правобранител.

При разгледувањето на доставената пријава, ДКСК констатира дека пријавените дејствија не се активности по кои ДКСК има надлежност за постапување, туку се активности за кои надлежност за постапување имаат други надлежни органи, по што оцени дека ДКСК нема надлежност за постапување во предметниот случај, а за предметниот случај подносителот на пријавата се обратил и до соодветен надлежен орган Комората на Извршители на РСМ, по што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до: Подносителот
Изработил: Ј.Ц. Одобрил: С.П.Д., Член на ДКСК